Врз основа на член 76-а став 1 и 2 алинеја 6, член 76-е, член 77-а став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в став 1, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ 265/24), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 , 97/20 и 208/24), член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во НУУБ „ Св. Климент Охридски“ - Битола бр. 02-104/5 од 11.05.2021 година, Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на РМ“ бр. 34/15), Согласност од Министерство за финансии бр. 19-3530/2 од 19.05.2025 година, Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БР. 02/2025**
**за вработување на неопределено работно време 2 (две) лица**
**даватели на јавни услуги во културата**

Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола објавува јавен оглас за вработување на 2 (две) лица, даватели на јавни услуги во културата на следната позиција:

1. **КУЛ 03 04 Ѓ02 005 – Библиотекарски помошник – Соработник во магацин за монографски публикации - еден (1) извршител:**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Средно стручно образование или гимназиско/Вишо/Високо (образование; наука за книжевност; библиотекарство и документација) - вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование.
- Без работно искуство.

Распоред на работно време:

- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: прва смена од 07:00 до 15:00 часот
- Работно време втора смена од 12:00 до 20:00 часот

Паричен нето износ на плата: 40.033,00 денари

2. **КУЛ 03 04 Ѓ02 005 – Библиотекарски помошник – Соработник во зајмување и магацин за библиотечен фонд наменет за деца - еден (1) извршител:**
**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- Средно (гимназија, сообраќаен техничар; графички техничар)/Вишо/Високо (образование; наука за книжевност; библиотекарство и документација) - вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование).
- Без работно искуство.

Распоред на работно време:
- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: прва смена од 07:00 до 15:00 часот
- Работно време втора смена од 12:00 до 20:00 часот

Паричен нето износ на плата: 40.033,00 денари

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола или на web – страната на институцијата www.nuub.mk.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат во оригинал или заверени на нотар:
- Уверение за државјанство;
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место;
- Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Доказ за завршено образование;
- Доказ за работно искуство.

**Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.**

Постапката за селекција за вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

**Ненавремени и некомплетни пријави и документи нема да се разгледуваат.**

Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, заклучно со последниот ден до 15 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„за оглас" на адреса НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, ул. Пеце Матичевски бр. 39 , 7000 Битола, Република Северна Македонија.**